**ДП. 284**
Дисциплинската комисија на Комората на извршители на РМ( подолу како ДК при КИРМ) надлежна за подрачјето на Основен суд Велес, Основен суд Неготино и Основен суд Кавадарци и Основен суд Гевгелија, постапувајќи по пријавата на подносителот Државно правобранителство на РМ Гевгелија, на ден 03.06.2010 год, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

**СЕ УТВРДУВА** дека обвинетиот извршител Д.Д. е виновен за неуредност затоа што на ден 29.12.2009 година ги вратил примените барања за извршување во вкупен број 171 од Државно правобранителство на РМ, без при тоа да ги евидентира, заведе, и без да превземе соодветни извршни дејствија согласно Законот за извршување.

**СЕ ИЗРЕКУВА** дисциплинска мерка поради неуредност парична казна во висина во 250 Еура во денарска противвредност на ден на плаќање по среден курс на НБРМ.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** извршител Д.Д. од Гевгелија утврдената парична казна во став 2 од ова решение да ја плати во рок од 8 дена од приемот на ова решение.

*Образложение*

Државното правобранителство на РМ Гевгелија на ден 05.01.2010 година поднесе допис до Комората на извршители со наводи кои го теретат извршителот Д.Д. од Гевгелија за постапување спротивно на чл. 3 ст.2 од Законот за извршување, во врска со предмети од доверителот Државно правобранителство на Република Македонија Гевгелија. Дисциплинската комисија на ден 16.04.2010 година донесе Решение да се поведе постапка за дисциплинска одговорност на извршителот Д.Д. од Гевгелија по повод пријавата за поведување на дисциплинска постапка од Државното правобранителство на РМ Гевгелија од причина што извршителот неосновано одбил барања за извршување од доверител, како и заради тоа што неправилно му вратил на доверителот примени предмети и заради тоа што не изготвил поединечни заклучоци за одбивање на барањата на извршување што претставува основано сомневање за сторена дисциплинска повреда односно неуредност согласно на чл.54 ст.1 од Законот за извршување.

Во своја одбрана на главен претрес, извршителот Д.Д. од Гевгелија наведе дека дејствијата опишани во изреката на решението за поведување на дисциплинска постапка, не се предвидени како дисциплински повреди од чл. 54 ст 3 од Законот за извршување, каде такстативно се наброени дисциплинските повреди за кои може да одговара извршител. Исто така, обвинетиот извршител наведе дека од изреката на Решението за поведување на дисциплинска постапка не може да се изведе заклучок за која повреда од законски

предвидените повреди од чл. 54 ст.3 од ЗИ станува збор и се води дисциплинска постапка за сторена дисциплинска повреда против извршител, а бидејќи согласно чл.2 ст.2 од Правилникот за дисциплинска постапка и дисциплинска одговорност на извршител не може да му биде изречена дисциплинска мерка за дисциплинска повреда која пред да биде сторена не била утврдена со Законот за извршување па извршителот Д.Д. смета дека дејствието кое е предмет на постапката во конкретниот случај, не е предвидено во Законот за извршување ниту со Правилникот и Статутот на Комората на извршители. Понатаму, наведе дека суштинска околност на претресот е дали против извршителот се води дисциплинска постапка за дисциплинска повреда согласно чл. 54 ст.1 од ЗИ или се води постапка за неуредност која е наведена во образложението на Решението на ДК а согласно чл. 54 ст. 2 од ЗИ неуредност е секоја полесна повреда на службената должност која не е дисциплинска повреда што сама по себе и подразбира дека станува збор за полесен вид на повреда и не е сврстена во повредите кои ги предвидел изрично законодавецот. Извршителот сметаше на главен претрес дека е видно од Решението за поведување дисциплинска постапка дека станува збор за дисциплинска повреда а бидејќи согласно закон наведените повреди кои се стават на товар на извршителот не се предвидени во Законот за извршување, во Правилникот и во Статутот, извршителот предложи Дисциплинската комисија согласно чл 25 ст. 1 од Правилникот за дисциплинска постапка и одговорност да донесе одлука со која извршителот се ослободува дека сторил дисциплинска повреда. Извршителот Д.Д. во завршни зборови, остана во целост на писмените поднесоци поднесени до ДК со појаснување дека во времето во кое ги примил предметите имал работно искуство како извршител од неполн месец и имал дилема како да постапи со предметите кои му биле врачени наеднаш од страна на ДП на РМ Гевгелија и со поднесокот за примоопредавање бил задолжен со вкупна бројка од 171 предмет, а извршителот по разгледување на предметите констатирал дека дел од нив се извршни наслови во фотокопија со клаузула на правосилност и клаузула на извршност во оригинал додека пак дел од истите биле неподобни за извршување, па за целисходност на постапката со оглед дека станувало збор за доверител РМ кој предходно барал да не се наплаќа администрирање на предмет, извршителот одлучил предметите административно да ги врати на ДП на РМ, што е видно од писмениот поднесок на извршителот од 29.12.2009 година. Во поглед на околноста што дел од исправите биле уредни и подобни а истите биле вратени на доверителот, извршителот наведе дека ако се има предвид писменото со кои се вратени и содржината ќе се увиди дека по однос на уредните барања за извршување извршителот побарал ДП на РМ повторно да му ги достави и при тоа да биде задолжен со адекватна бројчана состојба на предмети, а не со првобитната. Во поглед наводите дека извршителот требало да ги администрира и да формира предмети па поединечно да ги одбие барањата за извршување кои се неподобни, извршителот се произнесе дека тој начин на постапување не соодветствува со духот на соработката со државни органи каде што е пракса извршителот да не наплаќа администрирање водејќи сметка дека станува збор за доверител Република Македонија. Извршителот во завршни зборови појасни дека од страна на ДП на РМ Гевгелија праксата да се

доставуваат извршни исправи во фотокопија продолжува меѓутоа по поведувањето на предметната дисциплинска постапка извршителот сега ги администрира, ги заведува и изготвува заклучок за одбивање и заклучок за утврдување на трошоци во поглед кои извршителот сепак смета дека се трошоци кои дополнително го оптеретуваат буџетот на РМ, а во прилог на што говори моменталната бројка на вакви предмети во канцеларијата на извршителот која изнесувала од 100 до 180.

Дисциплинската комисија на КИРМ на претрес на ден 03.06.2010 година, ги дозволи и изведе следните докази:

Поднесок Р. Бр. 62/09 од 30,12,09, поднесок Р. Бр. 60/09 од 14,12,09, Налог за извршување по чл. 86 И. бр. 76/09 од 18.12.2009 , Коверт со приемен печат од 27.01.09, Налог за извршување по чл. 86 И.бр.79/09 од 18.12.2009 година, со коверт со печат од 01.02.2010 година, Налог за извршување по чл. 86 И.бр.121/09 од 21.12.2009 со коверт од 27.01.2010, Налог за извршување по чл. 86 И.бр.65/09 од 18.12.2009 година со коверт од 22.01.2010 година, Налог за извршување по чл. 86 И.бр. 68/09 од 18.12.2009 година со коверт од 05.10.2010 година, Налог за извршување по чл. 86 И.бр.38/09 од 17.12.2009 година со коверт од 05.01.2010 година, Налог за извршување по чл.86 И.бр.45/09 од 17.12.2009 година со коверт од 22.01.2010 година, Налог за извршување по чл. 86 И.бр.62/09 од 18.12.2009 година со коверт од 22.01.2010 година, Налог за извршување по чл. 86 И.бр.71/09 од 18.12.2009 година и коверт од 11.01.2010 година, Налог за извршување по чл. 86 И.бр.123/09 од 21.12.2009 година, Потврда за прием на пратка за поднесокот Р. бр. 62/09 од 30.12.2009 година со датум на предавање во пошта на 29.12.2009 година, Поднесок до извршител Д. Д. за доставување на барање за извршување Р.бр.08/2010 од 28.01.2010 година, Поднесок за доставувње на барање за изв.Р.бр.160/10 од 26.02.2010 година, Поднесок за доставување барање за извршување Р.бр.35/10 од 26.04.2010 година, Барање Р.бр.36/10 од 26.04.2010 година, Барање за извршување ИПРК бр. 4525/09 од 22.04.2010 година, Пресуда ПРК.бр. 1533/05–с на Основен суд Гевгелија, Барање за извршување ИПРК.бр.4499/09 од 22.04.2010 година, Пресуда ПРК.бр.6154/04–с на Основен суд Гевгелија, Барање за извршување ИПРК.бр.4535/09 од 22.04.2010 година, Пресуда ПРК.бр.8477/04-с на Основен суд Гевгелија, Барање за извршување ИПРК.бр.4533/09 од 22.04.2010 година, Пресуда ПРК.бр.6381/04-с на Основен суд Гевгелија, Барање за извршување ИПРК.бр.4539/09 од 21.04.2010 година, Пресуда ПРК.бр. 3701/04 –с на Основен суд Гевгелија, Барање за извршување ИПРК.бр.4487/09 од 22.04.2010 година, Пресуда ПРК.бр.3203/04 –с-2 на Основен суд Гевгелија, Барање за извршување ИПРК.бр.4503/09 од 22.04.2010 година, Пресуда ПРК.бр.123/04-с на Основен суд Гевгелија, Барање за извршување ИПРК.бр.4501/09 од 22.04.2010 година, Пресуда ПРК.бр. 3211/04–с на Основен суд Гевгелија, Барање за извршување ИПРК.бр.4531/09 од 22.04.2010 година, Пресуда 1702/04 –с на Основен суд Гевгелија, Барање за извршување ИПРК.бр.4507/09 од 22.04.2010 година, Пресуда ПРК.бр.1625/05-с на Основен суд Гевгелија, Барање за извршување ИПРК.бр.4509/09 од 22.04.2010 година, Пресуда ПРК.бр.5688/05 – с на Основен

суд Гевгелија, Барање за извршување ИПРК.бр.4505/09 од 22,04.2010 година, Пресуда ПРК.бр.1241/04–с на Основен суд Гевгелија, Барање за извршување ИПРК.бр. 4523/09 од 22.04.2010 година, Пресуда ПРК.бр.1353/05-с на Основен суд Гевгелија, Барање за извршување ИПРК.бр.4529/09 од 22.04.2010 година, Пресуда ПРК.бр.7095/05 –с на Основен суд Гевгелија.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во пријавата од 05.01.2010 година, одговорот на извршител од ден 02.02.2010 година како и дополнение на одговор од 18.03.2010 година, Решението за поведување на дисциплинска постапка од 16.04.2010 година, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

Извршителот Д.Д. на ден 29.12.2009 година во својата канцеларија примил 171 барање за извршување од страна на Државно правобранителство на РМ Гевгелија засновани на извршни исправи донесени од страна на Основен суд Гевгелија. Извршителот Д.Д. истиот ден на 29.12.2009 година ги вратил сите 171 барање за извршување на начин што лично ги доставил во просториите на Државно правобранителство во Гевгелија и истиот ден испратил по пошта до Државно правобранителство на РМ Гевгелија допис за повраќање на предмети поради неуредност и неможност за постапување кој допис е примен во Државно правобранителство на РМ Гевгелија на ден 30.12.2009 година и заведен под Р.бр.62/09. Извршителот навел дека 171 предмет кои му биле доставени на рака со пропратно писмо во кое се наведени сите предмети и на кое се потпишал извршителот дека ги прима, сега врши поврат на истите од причина што во дел од предметите извршните исправи со клаузулата на правосилност биле во фотокопија а со оригинал клаузула на извршност, дел биле со поништени со пенкало клаузули на правосилност и извршност или без уреден датум, дел од нив биле со повеќе клаузули на правосилност и извршност, а останатиот дел извршните исправи биле уредни. Извршителот навел во дописот дека барањата за извршување кои се со оригинални извршни исправи доверителот може да ги достави повторно на надлежно постапување на извршителот.

Дисциплинската комисија при одлучување за основаноста за предлогот за дисциплинска постапка ги имаше предвид изнесената одбрана на извршителот во писмена форма и усно на записник, и сметаше дека извршителот сторил неуредност на начин што на ден 29.12.2009 година ги вратил примените барања за извршување во вкупен број 171 од Државно правобранителство на РМ, без при тоа да ги евидентира, заведе, и без да превземе соодветни извршни дејствија согласно Законот за извршување, со кои дејствија сторил неуредност од чл. 54 ст. 2 од Закон за извршување.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги имаше предвид олеснителните околности дека во време на сторување на делото извршителот се уште немал доволно искуство, како и околноста дека до сега не му е изрекувана дисциплинска мерка. Дисциплинската

комисија смета дека со ваквата казна ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 03.06.2010 година согласно чл. 54 и чл. 55 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09) одлучи како во изреката на ова решение.

**Правна поука** : против оваа одлука извршителот има право на жалба во рок од 8 (осум) дена по приемот, преку Дисциплинска комисија при Комората на извршители на РМ, до Министерот за правда на РМ.

**Д.Н.:** Извршител Д. Д.
ДП на РМ Гевгелија
Министерство за правда
Архива